РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-242/1
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава заведена под број 12-8149/1 од 12.09.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување.

ДКСК до Владата на РСМ и Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење ќе достави укажување поради констатираните законски прекршувања во спроведените постапки за назначување директор на _________ __ ______ _ _________ _______ (______).

Предметот со број 12-8149/1 од 12.09.2022 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата, постапува по предмет оформен по пријава од познат подносител број 12-8149/1 од 12.09.2022 година, со наводи против директорот на на _________ __ ______ _ _________ _______ (______), за можна злоупотреба на службената положба и овластување како и други незаконски дејствија при работењето притоа оштетувајќи го буџетот на РСМ.

Во пријавата е наведено дека Државниот завод за ревизија извршил ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на на _________ __ ______ _ _________ _______ (______), за 2020 година и тоа на: Сметка на основен буџет (603); Сметка на основен буџет (631); Сметка на самофинансирачки активности (787).

Се наведува дека При извршената ревизија во Конечниот извшетај на овластениот државен ревизор со број 17-169/14 од 05.10.2021 година, за Сметка на основен буџет (631), биле утврдени неколку клучни состојби во Агенцијата и тоа: Невоспоставена соодветна евиденција на приходи; помалку наплатени приходи во износ од 12.861.000 денари во постапката за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

регистрација на медицински средства, исплатени биле 3.767.000,00 денари за ангажирани лица со договор за дело без прецизно дефинирање на стручните квалификации и работни задачи и без доказ за извршена работа; формирани биле 13 повремени комисии во кои членувале и вработени во _____ чии активности биле дел од редовните работни задачи, за што биле исплатени 4.652 000,00 денари. Воедно ревизорот детектирал и клучни системски слабости и за истите од страна на ревизорот биле дадени клучни препораки.

Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор со број 17-169/15 од 05.10.2021 година, за Сметка на самофинасирачки активности (787), констатирани се неколку клучни состојби и системски слабости во Агенцијата: Не било воспоставено соодветно финансиско управување и контрола и не е воспоставена поделба на должностите и одговорностите во делот на финансиското работење; невоспоставена целосна и ефикасна контролна средина поради непополнети раководни места; невоспоставени контроли и неуреден начин на евиденција, пресметка и наплата на приходи; невоспоставена аналитичка евиденција и отсуство на податоци за висината на наплатените приходи за секој вид на сертификат или одобрение што се издава. По однос на утврдените клучни состојби и системски слабости од страна на ревизорот дадени се клучни препораки, кои се наведени во конечниот ревизорски извештај.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба заради потребата од наше натамошно постапување по оформениот предмет, Државната комисија пристапи кон прибирање на дополнителни податоци и информации и од увидот на прибавеното утврди дека

Во периодот од 24.02.2022 до 28.02.2022 година, ДЗР има спроведено проверка и има констатирано дека од страна на субјектот предмет на ревизијата е постапено во целост, така што врз основа на претходно изготвен АКЦИОНЕН план се има пристапено кон имплементација на препораките на државниот завод за ревизија и отстранување на претходно утврдените слабости.

Во прибавената документација од на _______ __ _____ _ _______ ______ (_____) се демантира за наводите посочени во пријавата за неспроведување инспекциски надзор над приватната здравствената установа ____ _____ образложувајќи дека по добиена информација за непријавено медицинско средство, од страна на фармацевските инспектори при на ________ __ _____ ________ ______ бил спроведен инспекциски надзор и против приватната установа _____ _____ била поведена прекршочна постапка пред надлежен суд.

Дополнително во своето тековно постапување по оформениот предмет од прегледот во документацијата на Централнот Регистар на РСМ, ДКСК воочи низа прекршувања на Законот за лековите и медицинските средства. Имено во спроведените постапки за именување директор и заменик директор на на _______ __ _____ _ _______ ______ е постапувано спротивно членот 4 и 4г од Законот за лековите и медицински средства.
Хронолошки гледано од 01.01.2014 година па до денес именовани и разрешени се повеќе ВД директори и директори на (_____) и тоа:

- _________ _______ _______ ВД директор од 01.01.2014 година, а со донесено решение од Владата на РСМ на 21.12.2014 истата е именована за директор на Агенцијата до 03.08.2017 година.
- ________ ________ ВД директор од 03.08.2017 година до 06.03.2018 година, а со решение на Влада е именуван за директор од 06.03.2018 година до 02.10.2018 година.
- _________ ________ ВД директор од 02.10.20218 година до 17.07.2019 година.
- ______ _______ ВД директор од 24.07.2019 година до 20.10.2020 година.

Актуелен ВД директор на на _________ __ ______ _ ________ _______ е ______ _______, назначен на 20.10.2020 година и до денес е ВД директор.

Дополнително во Законот за лековите и медицински средства не постои изразот ВД директор, така што ДКСК констатира дека од почетокот на своето постоење односно од 01.01.2014 па до денес во повеќе наврати е сторена повреда на членот 4 и 4г од Законот за лековите и медицински средства.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, а за констатираните Законски прекршувања ДКСК ќе достави укажување до Владата на РСМ како орган кој го именува директорот и до Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во дипозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
-Подносителот на пријавата

Изработил: П.Б
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**